# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**ПЛАН**
**ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР**
**(ДЕЛ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ)**
**(Ажуриран во февруари 2018)**

**ДЕМИР ХИСАР**
**Февруари, 2018 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | ИМЕ | СТРАНИЦА |
|---|---|---|
| 1 | Одлука | 3 |
| 2 | Стандардни оперативни процедури | 4 |
| 3 | Потсетник за употреба на планот | 9 |
| 4 | Прилог број 1-Организација и спроведување на мерката | 10 |
| 5 | Прилог број 2-Вод за ЗиС од поплави | 11 |
| 6 | Прилог број 3-Преглед на материјален и персонален состав на одделението за ЗиС од поплави | 14 |
| 7 | Прилог број 4-Преглед на Комплет бр.1-Лична опрема на припадниците на ЗиС | 15 |
| 8 | Прилог број 5-Преглед на Комплет бр.3-Опрема за ППЗ | 15 |
| 9 | Прилог број 6- Преглед на сили кои ќе се ангажираат за заштита и гасење на пожари на отворен простор | 16 |
| 10 | Прилог број 7- Преглед на бензински пумпи и други складови на гориво во општина Демир Хисар | 17 |
| 11 | Прилог број 8- Преглед на хидранти на подрачјето на општината Демир Хисар по населени места | 18 |
| 14 | Прилог број 9-Карта | 20 |

Врз основа на член 10, 11 став 3 како и член 13 став 1 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.93/12 (пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) година, Советот на општина Демир Хисар ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За ажурирање на Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се ажурираат Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар и тоа деловите за заштита и спасување од пожари, поплави, прва медицинска помош и згрижување и евакуација.

**Член 2**

Со ажурираните Проценка и Планови ќе ракува лицето Игор Дамјаноски, вработен во општина Демир Хисар.

**Член 3**

Проценката и Плановите како и истите ажурирани, се чуваат во просториите на општина Демир Хисар во канцеларијата на ракувачот со Проценката и Плановите.

**Член 4**

Ажурираните Проценка и Планови влегуваат во сила од денот на неговото донесување.

Во иднина истите ќе се ажурираат од страна на ракувачот по потреба, без дополнителна одлука на советот на општина Демир Хисар.

**Бр.** 17-196/6
26.02.**2018**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Благоја Станојовски**

Врз основа на член 10, 11 став 3 како и член 13 став 1 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.93/12 (пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) година, Советот на општина Демир Хисар ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Демир Хисар-делот за заштита и спасување од пожари**

**Член 1**

Се ажурира Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Демир Хисар - делот за заштита и спасување од пожари.

**Член 2**

Со овој ажуриран план ќе ракува лицето Игор Дамјаноски, вработен во општина Демир Хисар.

**Член 3**

Ажурираниот план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи-дел за заштита и спасување од пожари ќе се чува во просториите на општина Демир Хисар во канцеларијата на ракувачот со планот.

**Член 4**

Ажурираниот план влегува во сила од денот на неговото донесување, а во иднина ќе се ажурира по потреба од страна на ракувачот, без дополнителна одлука на советот на општина Демир Хисар.

**Бр.____________2018**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Благоја Станојовски**
____________________

## Стандардни оперативни процедури

Поаѓајќи од основните карактеристики на подрачјето на општината Демир Хисар во однос на климатските услови, пошуменоста, изграденоста на објектите како и досегашните искуства потврдуваат дека пожарната оптовареност во овој реон е на високо ниво, особено се мошне чести пожарите на отворен простор и во шумските комплекси, а понекогаш и со предизвикување на поголеми материјални штети.

Опасностите за избувнување на пожар се најголеми во летниот период кога дневните температури се мошне високи, а причините за појава на пожар се најчесто следниве:

- Поради негрижа и невнимание на луѓето кои се присутни и престојуваат во шумите поради сечање на дрва, собирање на шумски плодови, лов, излет и др.
- Заради густината на објектите и видот на материјалот со кој се изградени (особено помошните објекти во кои се чува добитична храна) посебно во селските населби, а тоа придонесува за да истите се мошне чуствителни на пожар;
- Житните култури за време на жетвените работи се исто така подложни на пожар; и
- Поради употреба на лесно запаливи материи во процесот на производство во некои работни организации.

Горе наведените податоци зборуваат дека можностите за избувнување на пожар во општината Демир Хисар се мошне големи, а најчесто причина за појавата е невниманието на човекот. Посебно треба да се истакне дека е зголемен бројот на пожарите на отворен простор, особено на шумски површини.

Заштитата и спасувањето од пожари опфаќа превземање на превентивни и оперативни мерки и тоа:

- подготовка, превземање и спроведување на потребните мерки во сите средини, места, објекти и простории каде што постојат можности за појава на пожар;
- организирање, подготовка, обучување и опремување со МТС на силите наменети за гаснење на пожари;
- набљудување на просторот и повремено известување за евентуална појава на пожар;
- изградба на заштитни појаси особено во шумските комплекси;
- гаснење и локализирање на пожарите;
- спасување на луѓе и материјални добра од местата и објектите зафатени од пожар.

Во последните години бројот на пожарите во општината е значително зголемен, особено на отворен простор. Треба да се истакне дека загрозеноста на шумите од пожари се класифицирани во втор, трет и четврт степен и тоа: во втор степен 2.380,50 ха, во трет степен на загрозеност околу 16.760,20 ха, а во четврт- 5.483,90 ха..

Во периодот од 2000 – 2006 година на територијата на општината се случиле вкупно 269 пожари од помали и со поголеми размери од кои 201 пожар на отворен простор, 39 во објекти, 9 на моторни возила и 20 класифицирани во останати, а материјалната штета е мошне голема. Од 2000 до 2013 година од шумски пожари се уништени 2746,45 ха шума. Сепак бројат на пожари и материјалната штета е најголема во текот на 2007 година. Во пожарот кој беснееше неколку дена во атарот на селата Суводол, Вардино и Света од 23 до 26. 07. 2007 година изгореа над 800 ха, а материјалната штета се цени над 12.000.000 денари, а пожарот кој избувна на 31.08 до 02.09 2007 г. и ги зафати атарите на село Боишта, Церово и Вирово при што изгореа над 780 ха дабова – букова шума како и нискостеблести растенија и сува трева, а штетата изнесуваше над 10.000.000 денари.

Во објектите пак најчести причинители на појава на пожари се неисправни и оштетени оџаци, лежишта, дотраена или неисправна електрична инсталација, користење на лесно запаллив градежен материјал при изградба на објекти и др. Во градот и поголемите населени места опасноста од појава на пожари уште повеќе ја зголемуваат складови, бензиски пумпи, резервоари за погонско возило, лесно запаливиот материјал и др.

Можностите за заштита од пожари се бројни, а со планско и систематско спроведување на постојните мерки може во голема мера да се смали ризкот од пожар, односно неговите размери и последици.

Поради експлоатацијата на шумите (сеча на огревно дрво), поголем број на верски објекти како и историски споменици лоцирани во ридско-планинските предели, отвореноста на шумите со шумски патишта е на високо ниво (може да се каже дека ги задоволува дури и европските стандарди) односно има 15км шумски патишта на површината од 100ха шума, што значи дека пристапноста при евентуална појава на пожар на поголемата територија од шумите ќе биде релативно добра. Исто така треба да се истакне дека изградените патишта имаат капацитет за движење на моторни возила, посебни за теренски моторни возила.

За заштита и спасување од пожар на територијата на општината Демир Хисар формирани се следниве институции и сили: Координативно тело за заштита од пожари, ТППЕ (професионална единица), РСЕ за заштита и спасување од пожари во јачина од одделение, сили во ЈП „Македонски шуми" – подружница „Бигла" Демир Хисар, просторни сили за заштита и спасување кои треба да ги формира локалната самоуправа (со големинана вод од 30 припадници) како и локалното население кое би се вклучило во гаснењето на пожари по потреба.

При евентуална појава на пожар веднаш се ангажира ТППЕ и мобилната екипа на ЈП „Македонски шуми" – подружница „Бигла" Демир Хисар (кога се работи за шумски пожари). Овие состави се максимално обучени и оспособени за успешно извршување на нивните наменски задачи, на РСЕ за заштита од пожари како и просторните сили во наредниот период им е неопходна обука.

ТППЕ и единицата од ЈП „Македонски шуми" – подружница „Бигла" Демир Хисар, ја поседуваат неопходната опрема, маханизација и МТС за гасење на пожари, а просторните сили и РСЕ за ЗиС од пожари не се опремени со потребната механизација и МТС, а опремата која ја поседува единицата е несоодветна и со изминат рок.

Инаку во гаснењето на пожарите од ТППЕ Демир Хисар се ангажира 1 цистерна и 2 до 4 пожарникари, а од ЈП „Македонски шуми" – подружница „Бигла" Демир Хисар, согласно сопствениот оперативен план ќе се ангажира една од трите оперативни групи и по потреба групата од тешка механизација, а по одлука на директорот на ДЗС се врши мобилизација и ангажирање на РСЕ за ЗиС од пожари.

Доколку пожарот не може да се локализира, директорот на подружницата на Македонски Шуми "Бигла" Демир Хисар на писмено бара од Градоначалникот да се ангажираат просторните сили, а доколку и тоа е е доволно, Градоначалникот на писмено бара од ДЗС ангажирање на Републичките сили за ЗиС.

Заради успешна и ефикасна заштита од пожари, особено внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на:

1. микролокација на објектите;
2. вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари;
3. изградба на соодветни сообраќајници и природни патишта,како и слободни површини за ефикасна интервенција;
4. намалување на пожарната осетливост на објектот(вид на градежниот материјал, опрема, вид на конструкција и сл,);
5. мерки кои овозможуваат локализација и спречување на ширење на пожарот;
6. мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гаснење на пожарот и спасување на луѓето, материјалните и други добра и
7. изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција, како и вградени автоматски детектори за пожар.

Поаѓајќи од основните карактеристики на подрачјето на општината Демир Хисар во однос на климатските услови, пошуменоста, изграденоста на објектите како и досегашните искуства потврдуваат дека пожарната оптовареност во овој реон е на високо ниво, особено се мошне чести пожарите на отворен простор и во шумските комплекси, а понекогаш и со предизвикување на поголеми материјални штети.

Опасностите за избувнување на пожар се најголеми во летниот период кога дневните температури се мошне високи, а причините за појава на пожар се најчесто следниве:

- Поради негрижа и невнимание на луѓето кои се присутни и престојуваат во шумите поради сечање на дрва, собирање на шумски плодови, лов, излет и др.
- Заради густината на објектите и видот на материјалот со кој се изградени (особено помошните објекти во кои се чува добитична храна) посебно во селските населби, а тоа придонесува за да истите се мошне чуствителни на пожар;
- Житните култури за време на жетвените работи се исто така подложни на пожар; и
- Поради употреба на лесно запаливи материи во процесот на производство во некои работни организации.

Горенаведените податоци зборуваат дека можностите за избувнување на пожар во општината Демир Хисар се мошне големи, а најчесто причина за појавата е невниманието на човекот, како и намерното потпалување од страна на населението.

Бидејќи пожарите претставуваат потенцијална опасност за загрозување на населението, материјалните добра и шумските комплекси се превземаат поголем број превентивни и оперативни мерки. Би ги споменале следните: редовно вршиме информирање на населението за тоа како да се ракува со запалливи средства и целосно да се применуваат мерките за заштита и спасување од пожари, потоа дека е забрането палење на оган во шумите и контролирано движење на луѓето во одредени региони. Исто така значајна активност е обучувањето на населението за ракување со средства за ПП заштита, потоа при изградба на објектите да се одбегнува градба со лесно запалив материјал, посебно внимание да им се посвети при сместувањето, чувањето и работата со лесно запаливи материјали во процесот на производство, а во рамките на можностите да се врши набавка на ПП средства и опрема, изградба на заштитни појаси особено во шумските комплекси и житарици како и превземање на други мерки кои ќе придонесат за намалување на опасноста од појава на пожари.

Што се однесувадо загрозеноста на шумите од пожари тие се класифицирани од 2, 3 и 4 степен на загрозеност и тоа околу 5.483,90 ха во 2, околу 16.760,20 ха во 3 степен и 5.483,90 ха во четврт степен.

Поради експлоатацијата на шумите (сеча на огревно дрво), поголем број на верски објекти како и историски споменици лоцирани во ридско–планинските предели, отвореноста на шумите со шумски патишта е на високо ниво (може да се каже дека ги задоволува дури и европските стандарди) односно има 15 км шумски патишта на површината од 100 ха шума, што значи дека пристапноста при евентуална појава на пожар на поголемата територија од шумите ќе биде релативно добра. Исто така треба да се истакне дека изградените патишта имаат капацитет за движење на моторни возила, особено за теренски моторни возила.

Во наредниот период треба да се преземат и следниве мерки:

- оспособување на силите за заштита од пожари на сите нивоа;
- континуирана контрола на шумските комплекси од страна на претпријатијата кои стопанисуваат со нив;
- едукација и обучување на населението и подигнување на ~~прот~~ивпожарната култура;
- обезбедување на постојано дежурство во шумското стопанство „Бигла” Демир Хисар;
- организирање на набљудување и известување за појава на пожар;
- други мерки кои ќе придонесат за спречување на пожарите или намалување на последиците

**Потсетник за употреба на Планот заштита и спасување од пожари**

По добиениот сигнал за мобилизација, командирот на водот за ЗиС од пожари се упатува мобилизациското место-зградтаа на општина Демир Хисар, од каде од ракувачот го зема Планот за ЗиС од пожари.

По доаѓањето на припадниците на единиците, командирот стапува во контакт со МВР и се информира околу обезбедување на мобилизациско собиралиште од нивна страна. По прозивката, командирот ги запознава припадниците со задачите и активностите кои треба да се реализираат. Се посочуваат приоритетите и се издава наредба за ангажирање на одделенијата со конкретни задачи по место и време.

Потоа се земаа потребните МТС и опремата, се врши преглед на моторните возила и се упатуваат на извршување на задачата.

На терен се допрецизираат задачите, се контактира со ТППЕ, ЈП Македонски Шуми подружница Бигла Демир Хисар, останатите субјекти кои учествуваат во гаснењето како и месното население.

По гаснењето, се пристапува кон согледување на состојбата заедно со останатите субјекти и преку стручните органи се врши проценка на штетите.

Командирот врши анализа на активностите, подготвува извештај и го доставува до командантот на Општинскиот штаб за ЗиС.

ПРИЛОГ БРОЈ 1

## Организација и спроведување на мерката заштита и спасување на населението и материјалните добра од пожари

| р.б. | Задачи и активности | Носител на задачите и активностите | Време на реализација на задачите и активностите | Соработува со: | Прилози | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1 | Прибирање на информации од теренот преку мобилни екипи - групи за контакт | -ЈП Македонски шуми ( ПЕ Бигла)<br>- ТППЕ | Превентивно | Месно население | | |
| 2 | Известување на граѓаните преку јавни медиуми | -одговорни лица | Превентивно | Месни заедници | | |
| 3 | Известување на одговорните лица за можни опасности | -одговорни лица | Превентивно | ТППЕ<br>ЦУК<br>Полициска станица | | |
| 4 | При добивање на информации за настанат пожар , најпрво се ангажираат субјектите кои стопанисуваат со шумите и негово гаснење | -ЈП Македонски шуми ( Бигла)<br>-ТППЕ<br>-Просторни сили<br>-Републички сили за ЗиС | За време на пожар | Месно население<br>Доброволно учество во пожар на ПП претпријатија | | |
| 5 | Активности и мерки за отстранување на последиците од пожарот | -ЈП македонски шуми<br>-ЈКП Комуналец<br>-ЈЗО Здраствен дом | После пожарот | Месно население | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 2

Вод за заштита и спасување од пожари

| Р.б. | Име и презиме | Адреса | Телефон | Должност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Раде Василевски | Демир Хисар | | Командир на вод |
| 2 | Васко Трајковски | Сопотница | | Заменик командир на вод |
| 3 | Драге Стојановски | Вирово | | Извршител-возач на командирот |
| 4 | Димче Лозевски | Стругово | | Командир на 1 одделение |
| 5 | Оливер Митревски | Света | | Водител-пожарникар на 1 екипа |
| 6 | Иве Спасевски | Света | 047 273 049 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 7 | Горан Богојовски | Света | | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 8 | Васко Бутковски | Слепче | 047 277 049 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 9 | Горан Крстановски | Демир Хисар | 047 276 550 | Водител-пожарникар на 2 екипа |
| 10 | Менде Геневски | Смилево | | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 11 | Оливер Николовски | Демир Хисар | 047 276 550 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 12 | Александар Мурговски | Сопотница | 047 272 650 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 13 | Дејан Босилковски | Журче | | Командир на 2 одделение |
| 14 | Димче Настевски | Суводол | | Водител-пожарникар на 1 екипа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Игорче Цветановски | Демир Хисар | | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 16 | Александар Станковски | Демир Хисар | 047 276 048 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 17 | Владимир Ивановски | Белче | 047 276 082 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 18 | Николче Колевски | Стругово | | Водител-пожарникар на 2 екипа |
| 19 | Љупчо Крстевски | Суводол | 047 277 345 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 20 | Кире Марковски | Кутретино | | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 21 | Оливер Павловски | Кутретино | 047 277 331 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 22 | Александар Јанковски | Демир Хисар | | Командир на 3 одделение |
| 23 | Александар Мицевски | Единаковци | | Водител-пожарникар на 1 екипа |
| 24 | Тони Секуловски | Вардино | | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 25 | Зоран Кузмановски | Демир Хисар | 047 276 270 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 26 | Александар Муловски | Слепче | 047 276 818 | Извршител-пожарникар на 1 екипа |
| 27 | Мирослав Наќевски | Сопотница | | Водител-пожарникар на 2 екипа |
| 28 | Сашо Пејковски | Сопотница | 047 272 333 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29 | Сашо Кузмановски | Сопотница | | Извршител-пожарникар на 2 екипа |
| 30 | Сашо Мирчевски | Прибилци | 047 272 098 | Извршител-пожарникар на 2 екипа |

ПРИЛОГ БРОЈ 3

Преглед на материјалниот и персоналниот состав на вод за заштита и спасување од пожари

| р.б. | Персонален состав | | | | Материјален состав | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Должност | Број | Вид на образование<br>Вид на занимање | Се пополнува со обврзници на | Вид | Количина |
| 1. | -командир на водот<br>-заменик командир на водот<br>-извршител-возач/курир | 1<br>1<br>1 | *ВО-технички науки<br>*ВО-технички науки<br>Логистичко обезбедување, ракувач со средства за врски и возач Б и Ц категорија | *Во/Ро | Теренско возило<br>Радиоуред<br>Торба со прибор за пишување<br>Комплет бр.1*<br>Комплет бр.3*<br>Скала до 3 метри | 1<br>4<br>6<br>30<br>3<br>3 |
| | ВКУПНО | 3 | | | | |
| 2. | 1 одделение<br>-командир<br>1 екипа<br>-водител-пожарникар<br>-извршител-пожарникар | 1<br>1<br>3 | *ВО-технички науки<br>ССС од областа<br>ССС од областа | | | |
| | ВКУПНО ВО ЕКИПА | 4 | | | | |
| 3. | 2 екипа-во иста состав како 1 екипа | 4 | | | | |
| | ВКУПНО ВО ОДДЕЛЕНИЕ | 9 | | | | |
| 4. | 2 и 3 одделение во ист состав како 1 одделение | 18 | | | | |
| | ВКУПНО ВО ВОДОТ | 30 | | | | |

*ВО-Високо образование
*Во-воена обврска
*Ро-работна обврска

Забелешка: Водителот на 1 екипа воедно е и заменик на командирот на одделението

ПРИЛОГ БРОЈ 4

Преглед на комплет број 1-Лична опрема на припадниците на силите за ЗиС

| *Комплет број 1 |
| --- |
| 1. Ознака за припадност на силите за ЗиС (ознака на старешини)<br>2. Заштитна маска<br>3. Прва завој (индивидуален)<br>4. Заштитна наметка<br>5. Личен прибор за деконтаминација |

ПРИЛОГ БРОЈ 5

Преглед на комплет број 3-Опрема за ППЗ

| *Комплет број 3 | Количина |
| --- | --- |
| 1. ПП црево (15м) | 2 |
| 2. Клуч за хидранти | 1 |
| 3. Хидратантски приклучок | 1 |
| 4. Апарат за гасење пожар со прав С-9 | 1 |
| 5. Казма | 1 |
| 6. Секира | 1 |
| 7. Лопата (ќелична метла) | 1 |
| 8. Млазница | 1 |
| 9. Клуч за спојки | 1 |

ПРИЛОГ БРОЈ 6

Преглед на сили кои ќе се ангажираат за заштита и гасење на пожари на отворен простор

| р. бр | Претпријатие | Број на вработени | Телефон | Сили за ЗиС | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Штаб | Единица | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | ЛП Македонски шуми Д.Хисар<br>Ревир Сапотница<br>Стовариште<br>Мраморица<br>Шумска полиција | 110 | 276-020<br>276-533<br>272-558<br>276-633<br><br>275-261 | 10 | 13 | 23 | Претпријатие кое стопанисува со 90%од шумиските површини во Д.Хима:<br>- опретивен штаб -10<br>- моб.оперативна група - 10<br>- член на оперативна група 1 - 12<br>-член на оперативна група 2- 12<br>- член на оперативна група 3- 12<br>- тешка мех.гр - 5<br>- група за дотур на храна и санита. матер- 8 |
| 2. | РСЕ за ЗиС<br>- Регионален штаб за ЗиС<br>- Одделение за ППЗ | | | | 17 | 17 | -По потреба може да се ангажираат другите РСЕ за ЗиС |
| 3. | -Просторни сили<br>- вод за ЗиС | | 552 661 | 10 | 30 | 40 | -во фаза на формирање |
| 4. | Тим за брз одговор | | | | 19 | 19 | |

ПРИЛОГ БРОЈ 7

Преглед на бензински пумпи и други складови на гориво во општина Демир Хисар

| р. бр | Вид на објект | Локација | Вид на гориво | Капацитет | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Бензиска пумпа „ Макпетрол„ | Ул.Битолска бб Демир Хисар | -бензин<br>-нафта<br>-плин<br>-масла | | |
| 2. | Бензинска пумпа „ Маит„ | Ул. Битолска бб Демир Хисар | -бензин<br>-нафта<br>-масла | | |
| 3. | Бензинска пумпа ( ЈП Македонски шуми - под.Бигла) | Стовариште Мраморица | Нафта | | |
| 4. | Магацин за експлозив на АД „Рудник „ Сопотница | Каменолом Топлца - с.Слоештица | Експлозив | | |
| 5. | Магацин за експлозив на ЈП на Македонски шуми - Бигла | Стовариште Мраморица | Експлозив | | |
| 6. | Бензиска пумпа „ДХМ Петрол„ | Ул.Битолска бб Демир Хисар | -бензин<br>-нафта<br>-плин<br>-масла | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 8

Преглед на хидранти на подрачјето на општината Демир Хисар по населени места

| Населено место | Локација | Број | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Демир Хисар | Хидрант бр:1<br>- веднаш до пазарот | 1 | СП- 4,3<br>ДП- 8мм-4,2;14-3,8;10-4,1;12-4,0;16-3,6;18-3,3;20-2,8;22-2,2 |
| | Хидрант бр:2<br>Ул.Партизанска во дворот до патот | 1 | СП-4,0<br>ДП-8мм-3,9; 10-3,8; 12-3,7; 14-3,6; 16-3,5; 18-3,4; 20-3,3; 22-2,2; |
| | Хидрант бр: 3<br>на крајот на ул.Партизанска | 1 | к-ки не се измерени хидрантот е засипан |
| | Хидрант бр :4 на аголот на ул.1ви Мај 8 и Левко Џамбаз | 1 | СП-2,0 |
| | Хидрант бр:5 на аголот од ул.1ви Мај и Охридска | 1 | СП-2,0 |
| | Хидрант бр:6 на аголот на 2ри Септември и 1ви Мај | 1 | СП-2,0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Хидрант бр:7 каде се спојуваат 1ви Мај и М.Тито | 1 | СП-5,2 ( пукнат не можи да се користи) |
| | Хидрант бр:8 последна улица на канал | 1 | СП-1,8 |
| | Хидрант бр:9 пред Стар Пазар | 1 | 8мм-4,0; 10-4,0; 12-4,0; 14-4,0; 16-3,9; 20-3,6; 22-3,4; |
| Слепче | Хидрант бр:20 на патот за Слепче пред хидро. Станица | 1 | СП-7,5<br>ДП-8мм -7,0; 10-6,7; 12-6,5; 14-6,2; 16-5,8; 18-5,0; 20-4,2; 22-3,0; |

Изработил:
м-р Игор Дамјаноски

Бр. 17-196/6 2018
Демир Хисар

Градоначалник на општина Демир Хисар
Марјанче Стојановски